Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз
РЕПЛЕК АД
Бр. 02-797/1
02.03.2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на чл.480 ст.3 од законот за трговски друштва, Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје до Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје поднесува

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА
## на Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје
## за 2019 година

Согласно Законот за трговски друштва и општите акти на друштвото Надзорниот одбор има овластување да врши надзор врз управувањето со Друштвото кое го врши Управниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје, како и да врши увид и да ги проверува книгите и документите на Друштвото.

Извештајот се поднесува со цел да се запознаат акционерите со превземени активности на Надзорниот одбор на Друштвото.

Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје на состанокот одржан на 02.03.2020 година, а согласно своите надлежности ја разгледа Годишната сметка на РЕПЛЕК АД Скопје за 2019 година, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Друштвото изготвен од Управниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје, со предлог одлуката на Управниот одбор за усвојување на годишната сметка, предлог одлуката за распределба на добивката по годишната сметка,извештајот за извршената ревизија на годишната сметка на Друштвото за 2019 година од овластениот ревизор МУР СТИВЕНС ДОО- Скопје, при што констатира дека:

- Годишната сметка на РЕПЛЕК АД Скопје за 2019 година изготвена е согласно прописите на Северна Република Македонија и Меѓународните сметководствени стандарди, што е потврдено и од Ревизорската куќа од МУР СТИВЕНС ДОО- Скопје.

Согласно погоре изнесената констатација Надзорниот одбор му предлага на Собранието да ја усвои годишната сметка на РЕПЛЕК АД за 2019 година со предложената распределба на добивката.

Во текот на 2019 година Надзорниот одбор имаше конструктивна соработка со Управниот одбор и со Службата за внатрешна ревизија на Друштвото. По направената проверка и извршениот увид во документацијата на Друштвото констатирано е дека работењето на Управниот одбор е во согласност со законските прописи и актите на друштвото. Надзорниот одбор е на мислење дека Годишниот извештајот на службата за внатрешна ревизија е квалитетен и објективен и дава сеопфатен приказ и резиме на извршените ревизии.

Надзорниот одбор во 2019 година во континуитет го следеше работењето на Управниот одбор и на друштвото во целина, како и работењето на друштвата во негова сопственост. Надзорниот одбор во текот на 2019 година одржа вкупно шест (6) седници преку кои беа разгледани Годишниот и Полугодишниот извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија во Друштвото и притоа констатира дека Службата во 2019 година не утврдила никакви неправилности во работењето на секторите и службите на друштвото, по што едногласно ги одобри Извештаите за нејзината работа.

Надзорниот одбор ги разгледуваше и предлог - одлуките од Управниот одбор за остварените резултати по годишна сметка, распределба на добивка по годишна

сметка, извештај за извршена ревизија на годишна сметка од овластен ревизор за 2019 година.

Членовите на Надзорниот одбор донесоа одлука со која го констатираа престанокот на мандатот на членот и Заменик претседателот на Управен одбор на друштвото Мр. Душан Туџаров, како и одлука за избор на Душан Пецовски за нов член на Управен одбор.

Надзорниот одбор даде и одобрување-согласност за донесување на одлука за прстанување со работа и затворање на ПЗУ Аптека РЕПЛЕК Скопје и одлука за нејзино бришење од Централниот регистар на РСМ.

По разгледување на предложените Одлуки Надзорниот одбор му предлага на Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје на седницата која ќе се одржи на ден 08.04.2020 година да донесе Одлуки за нивно усвојување.

Во текот на 2019 година работењето на Надзорниот одбор беше во рамките на надлежностите утврдени во Законот за трговски друштва и Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје.

Скопје, .2020 година

**НАДЗОРЕН ОДБОР**
Претседател,
Иван Соклов

Друштво за медицинско снабдување РЕПЛЕК АД увоз-извоз Скопје

Адела Николовска - член

Томовски Александар - член

Анастазија Јоксимовиќ -Независен член